# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД АЛКАЛОИД БЕРОВО ЗА ДЕЛОВНАТА 2023 ГОДИНА

## 1. <u>Општи податоци и информации за друштвото</u>

АД Алкалоид Берово е фирма која се занимава со производство на санитетски материјали, ткаенини, позамантерија и конфекција. Успешно работи повеќе од 50 години. Основана е во 1961 година и по големина претставува средно претпријатие.

Како акционерско друштво е регистрирано на 28.12.1990 година со 650 вработени и со заокружен технолошки процес со седиште на улица ,,Маршал Тито,, бр.5 во Берово.

Основна приоритетна дејност за која е регистрирано друштвото е ***13.20 - Ткаење на текстил.***

Дополнителна дејност која ја врши претпријатието е ***47.11 – Трговија на мало во неспецијализирани продавници, претежно со храна, пијалоци и тутун.***

Покрај регистрираните дејности во внатрешниот промет, евидентирани се дејности и во надворешниот трговски промет согласно законските прописи

Во составот на АД Алкалоид Берово се организирани и запишани 8 (осум) подружници.

### *1.1. Бројна и квалификациона структура на вработени во АД Алкалоид Берово*

Бројната и квалификационата структура на вработените во АД Алкалоид Берово е дадена во следниве табели:

Структурата на вработените по род во АД Алкалоид Берово може да се види од следнава табела:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вработени на неопределено време | Мажи | Жени | **Вкупно** |
| | 18 | 21 | **39** |
| Вработени на определено време | Мажи | Жени | **Вкупно** |
| | 9 | 10 | **19** |
| ***Вкупно вработени*** | ***27*** | ***31*** | ***58*** |

Од табелата може да се забележи дека структурата на вработените е разновидна и вклучува како мажи, така и жени.

Просечната квалификационата структура на вработените во 2022 година може да се види од следнава табела 2:

| Квалификација | Број на вработени |
|---|---|
| ВСС | 9 |
| ССС | 48 |
| КВ | 1 |
| **Вкупно** | **58** |

## 2. Управување со друштвото

Управувањето во АД Алкалоид Берово се состои од Собрание на акционери, Надзорен одбор и Управен одбор.

Надзорниот одбор на АД Алкалоид Берово брои 3 (три) членови:

1. Звонко Чичаковски – Претседател на Надзорен одбор
2. Наташа Михајловска – Член на Надзорен одбор
3. Ѓорѓи Тачунски – Независен Член на Надзорен одбор

Управниот одбор на АД Алкалоид Берово брои 3 (три) членови:

1. Татјана Чичаковска – Претседател на Управен одбор
2. Кирил Крамарски – Член на Управен одбор
3. Јани Михајловски – Член на Управен одбор

За управување со работата на друштвото, односно за вршењето на сите работи поврзани со водењето на работните и тековните активности, Управниот одбор на АД Алкалоид Берово работеше на вкупно 12 (дванаесет) седници во деловната 2023 година.

На членовите на Управниот одбор се исплаќаат надоместоци согласно склучените договори за регулирање на односите помеѓу друштвото и членовите на Управен одбор.

Вкупните примања по различни основи на членовите на Управниот и Надзорниот одбор се следниве:

- на лицето Татјана Чичаковска од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 1.805.609,00 денари на име плата, 16.378,00 во бруто износ на име регрес за годишен одмор, а додека од страна на  АД Брик Берово се исплатени 866.666,00 денари во бруто износ на име награда на Претседател на Надзорен одбор и 1.811.382,00 денари на име дивиденда..

- на лицето Кирил Крамарски од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени бруто износ 836.004,00 денари во на име награда на член на Управен одбор, а додека од страна на АД Брик Берово се исплатени 617.997,00 во бруто износ на име член на Надзорен одбор.

- на лицето Јани Михајловски од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 855.522,00 денари на име плата и 16.378,00 денари во бруто износ на име регрес за годишен одмор.

- на лицето Звонко Чичаковски од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 466.662,00 денари на име награда на член на Надзорен одбор.

- на лицето Наташа Михајловска од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 1.043.232,00 денари на име плата, 16.378,00 денари во бруто износ на име регрес за годишен одмор и 399.996,00 денари на име награда на член на Надзорен одбор, а од страна на  АД Брик Берово се исплатени 633.330,00 денари во бруто износ на име награда на член на Управен одбор и 2.810.170,00 денари на име дивиденда.

- На лицето Ѓорѓи Тачунски од страна на АД Алкалоид Берово се исплатени во бруто износ 66.672,00 денари на име награда на член на Надзорен одбор.

## 3. Производство

### *3.1. Производство на санитетски материјали, ткаенини, позамантерија и конфекција*

АД Алкалоид Берово е фирма која се занимава со производтсво на готови производи кои се изработуваат од 100% памук.

Притоа, АД Алкалоид Берово е фирма која што е со заокружен процес на производство. Имено, има своја ткајачница за производство на повеќе видови на ткаенини со различни тежини, кои потоа се доработуваат во посебен погон за доработка (се белат или бојат) и на крај истите се конфекциоираат во готови производи во погон за конфекционирање.

Неопходно е да се напомене дека, АД Алкалоид Берово е единствена фирма во Македонија која произведува хидрофилна газа, и калико завој во различни димензии согласно важечките пропишани стандарди.

Асортиманот на производите кои се произведуваат во АД Алкалоид Берово е разновиден:

а) Производство на санитетски материјали (хидрофилна памучна газа и калико завој) во разни димензии:

- Памучна хидрофилна газа 100мх80см
- Памучна хидрофилна газа 10мх80см
- Калико завој со вткаен раб 5смх5м
- Калико завој со вткаен раб 6смх5м
- Калико завој со вткаен раб 8смх5м
- Калико завој со вткаен раб 10смх5м
- Калико завој со вткаен раб 12смх5м
- Калико завој со вткаен раб 15смх5м

б) Производство на памучни ткаенини со тежина од 35 гр./м$^2$ до 260 гр./м$^2$, и тоа сирови, бели и боени;

- Артикал роман
- Артикал кепер
- Артикал пелена
- Артикал Т-11
- Артикал фланел
- Артикал кепер фланел

в) Производство на тетра пелени со различни димензии и боја (бели, боени и штампани), шведски пелени;

- Тетра пелени 70x70 (бели, боени и штампани)
- Тетра пелени 80x80 (бели,  боени и штампани)
- Шведски пелени

г) Производство на облека и постелнина за здравство и хирургија;

- Хируршки мантили со и без преклоп
- Хируршки одела
- Болнички чаршави
- Компреси

д) Производство на ХТЗ облека (од кепер и од диолен – бели и плави)

- Работни мантили
- Работни одела;
- Работни кецељи

ѓ) Останати производи:

- Навлаки за чаршави

- Навлаки за перници

- Обични чаршави

- Јоги чаршави

- Кујнски крпи

Од претходно изложеното за асортиманот на АД алкалоид Берово може да се забележи дека тој е разновиден.

### *3.2. Пекара*

АД Алкалоид Берово во своето работење се занимава и со производство и продажба на леб и бели пецива. Производството на леб и пецива може да се види од следната табела:

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=5-4 |
|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Артикал | Единечна мерка | Количина 2022 | Количина 2023 | Разлика |
| 1 | Леб бел/р'жан | Бр. | 283471 | 233298 | -50173 |
| 2 | Пецива | Бр. | 146561 | 108760 | -37801 |
| 3 | Леб итало микс | Бр. | 2423 | 1916 | -507 |
| 4 | Леб рустикал | Бр. | 1997 | 1977 | -20 |

Од приложената табела може да се забележи дека има намалување на производството на сите видови на леб во 2023 година во однос на 2022 година.

Остварените приходи и потрошоци за пекара за 2022 година и за 2023 година може да се видат од следниве табели:

Приходи Пекара 2022 година

| Артикал | Количина | Единечна цена | Износ |
|---|---|---|---|
| Леб бел/р’жан | 283471 | 36,00 | 10.204.956,00 |
| Пецива | 146561 | 16,00 | 2.344.976,00 |
| Итало микс | 2423 | 41,00 | 99.343,00 |
| Рустикал микс | 1997 | 40,00 | 79.880,00 |
| | | **Вкупно** | **12.729.155,00** |

Трошоци за суровини и бруто плати Пекара 2022 година

| Реден бр. | | Количина | Единечна цена | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Брашно | 135575 | 30,00 | 4.067.250,00 |
| 2 | Квасец | 2361 | 62,00 | 146.382,00 |
| 3 | Адитив | 1285 | 160,00 | 205.600,00 |
| 4 | Масло за горење | 21820 | 71,00 | 1.549.220,00 |
| 5 | Бруто плати | | | 2.591.307,00 |
| | | | **Вкупно** | **8.559.759,00** |

Приходи Пекара 2023 година

| Артикал | Количина | Единечна цена | Износ |
|---|---|---|---|
| Леб | 233298 | 34,00 | 7.932.132 |
| Пецива | 108760 | 24,00 | 2.610.240 |
| Итало микс | 1916 | 47,619 | 91.238 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Рустикал микс | 1977 | 47,619 | 94.143 |
| | | **Вкупно** | **10.727.753** |

Трошоци за суровини и бруто плати Пекара 2023 година

| Реден бр. | | Количина | Единечна цена | Износ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Брашно | 101110 | 24,00 | 2.426.640 |
| 2 | Квасец | 1853 | 62,00 | 114.886 |
| 3 | Адитив | 1210 | 170,00 | 205.700 |
| 4 | Масло за горење | 20811 | 64,00 | 1.331.904 |
| 5 | Бруто плати | | | 2.836.154 |
| | | | **Вкупно** | **6.915.284** |

Остварена разлика на пекара во 2022 и 2023 година

| | Година | |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| Остварени приходи | 12.729.155,00 | 10.727.753,00 |
| Расходи | 8.559.759,00 | 6.915.284,00 |
| **Разлика** | **4.169.396,00** | **3.812.469,00** |

Од оваа табела може да се забележи дека остварената разлика помеѓу приходите и расходите за пекарата во 2023 година е помала за 356.927,00 денари во однос на 2022 година (4.169.396,00 – 3.812.469,00 = 356.927,00 денари). Ова се должи на ограничувачките маржи донесени од страна на Владата во текот на цела 2023 година.

Потрошениот леб кој се искористува во кујна за храна на работниците е прикажан во следната табела:

| Реден број | Артикал | Единечна мерка | Количина 2022 | Количина 2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Леб | Бр. | 3906 | 2255 |

Од табелата може да се забележи дека има намалување и на потрошениот леб кој се користи за исхрана вработените во кујната, а тоа пред се се должи на намалувањето на бројот на вработени.

### *3.3. Продавници (трговија на мало)*

АД Алкалоид Берово во своето работење има организирани и запишани 8 (осум) подружници. Притоа, прегледот на остварената разлика на цени за продавниците за 2022 година споредбено со остварената разлика на цени за продавниците за 2023 година може да се видат од следниве табели:

| **2022 ГОДИНА** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Продавн. | 1 | 2 | | | 3=(2.1+2.2+2.3) | 4=(1-3) |
| | Остварена маржа | Трошоци на продавниците | | | Вкупни трошоци | Остварена разлика |
| | | (2.1) Бруто плати | (2.2) Струја и масло за горење | (2.3) Вода и кирии | | |
| 2 | 2.208.854,00 | 1.578.877,00 | 938.988,00 | 31.187,00 | 2.549.052,00 | -340.198,00 |
| 3 | 646.144,00 | 460.827,00 | 234.747,00 | 7.796,00 | 703.370,00 | -57.226,00 |
| 4 | 648.846,00 | 443.238,00 | 138.524,00 | 11.361,00 | 593.123,00 | 55.723,00 |
| 6 | 580.136,00 | 387.360,00 | 101.587,00 | 6.696,00 | 495.643,00 | 84.493,00 |
| 8 | 694.924,00 | 460.839,00 | 143.448,00 | 44.768,00 | 649.055,00 | 45.869,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 9 | 905.188,00 | 535.378,00 | 181.518,00 | 42.192,00 | 759.088,00 | 146.100,00 |
| **Вкупно** | **5.684.092,00** | **3.866.519,00** | **1.738.812,00** | **144.000,00** | **5.749.331,00** | **-65.239,00** |

| **2023 ГОДИНА** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Продавн. | 1 | 2 | | | 3=(2.1+2.2+2.3) | 4=(1-3) |
| | Остварена маржа | Трошоци на продавниците | | | Вкупни трошоци | Остварена разлика |
| | | (2.1) Бруто плати | (2.2) Струја и масло за горење | (2.3) Вода и кирии | | |
| 2 | 2.054.366,00 | 1.918.918,00 | 528.802,00 | 23.266,00 | 2.470.987,00 | -416.621,00 |
| 3 | 604.208,00 | 445.046,00 | 210.158,00 | 23.266,00 | 678.470,00 | -74.262,00 |
| 4 | 507.913,00 | 522.909,00 | 90.271,00 | 11.984,00 | 625.164,00 | -117.251,00 |
| 6 | 397.499,00 | 405.041,00 | 68.749,00 | 8.376,00 | 482.166,00 | -84.667,00 |
| 8 | 535.727,00 | 523.457,00 | 79.592,00 | 41.280,00 | 644.329,00 | -108.602,00 |
| 9 | 824.550,00 | 628.080,00 | 93.238,00 | 39.600,00 | 760.918,00 | 63.632,00 |
| **Вкупно** | **4.924.263,00** | **4.443.451,00** | **1.070.971,00** | **147.772,00** | **5.662.034,00** | **-737.771,00** |

Споредбените резултати за остварената разлика во цени за продавниците за 2022 и 2023 година може да се види од следнава табела:

| | Година 2022 | Година 2023 |
|---|---|---|
| Остварена разлика во цени (маржа) | 5.684.092,00 | 4.924.263,00 |

| | | |
|---|---|---|
| Трошоци | 5.749.331,00 | 5.662.034,00 |
| **Остварена разлика** | **- 65.239,00** | **-737.771,00** |

Од приложената споредбена табела може да се забележи дека продавниците во 2023 година работат со поголема загуба во однос на 2022 година. Ова пред се се должи на ограничувачките продажни маржи донесени од страна на Владата.

Потрошените енергетски материјали за 2022 година и 2023 година се прикажани во следнава табела:

| Ред.бр. | Гориво | Ед.мерка | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Дрва | М3 | 274 | 100,5 |
| 2 | Нафта | Литар | 25.881 | 8898 |
| 3 | Масло за горење | Литар | 26.047 | 24151 |
| 4 | Трици | Приколка | 110 | 86 |
| 5 | Дрвен отпад | палета | 973 | 390 |

### *3.4. Физички обем на производство:*

Физичкиот обем на производство на АД Алкалоид Берово за 2023 година споредбено со 2022 година може да се види од следнава табела:

| Работна единица | Мерна единица | 2022 година | 2023 година | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|
| Ткајачница | Метри должни (сведени на база Т-11) | 392.349 | 406.006 | 103 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Белилна (мокра доработка) | Часови | 2.087 | 1.984 | 95 |
| Конфекција | Минути | 2.820.218 | 2.067.892 | 73 |

Од табелата може да се заклучи дека физичкиот обем на производство за 2023 година во однос 2022 година при производство на ткаенини од работна единица Ткајачница е зголемено за 13.657 метри сведени на база Т-11. Физичкиот обем при доработка на ткаенините во работна единица Белилна е помал за 103 часови, а додека физичкиот обем при конфекционирање на производите во работна единица Конфекција е зголемен за 752.326 минути.

## 4. <u>Продажба и реализација</u>

АД Алкалоид Берово своите готови производи, ги пласира како на домашниот пазар, така и на странските пазари.

Вкупната реализацијата на артикли од асортиманот на АД Алкалоид Берово за 2023 година по погони и пазари заклучно со 31.12.2023 година може да се види од следнава табела:

| **РЕАЛИЗАЦИЈА 2023 ГОДИНА ПО ПОГОНИ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Артикли по погон** | **Пазари** | | **ВКУПНО (домашен + странски пазар)** |
| | ***Домашен*** | ***Странски*** | |
| Позамантериски производи | 86.954,00 | / | 86.954,00 |
| Ткаенини | 5.909.350,00 | 3.577.988,00 | 9.487.338,00 |
| Конфекциски производи | 9.114.987,00 | 19.470.927,00 | 28.585.914,00 |
| Санитетски производи | 14.039.588,00 | / | 14.039.588,00 |
| Продавници | 52.507.470,00 | / | 52.507.470,00 |
| Пекара | 2.847.234,00 | / | 2.847.234,00 |
| **ВКУПНО** | **84.505.583,00** | **23.048.915,00** | **107.554.498,00** |

Вкупната реализацијата на артикли од асортиманот на АД Алкалоид Берово за 2022 година по погони и пазари со 31.12.2022 година може да се види од следнава табела:

| РЕАЛИЗАЦИЈА 2022 ГОДИНА ПО ПОГОНИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Артикли по погон** | **Пазари** | | **ВКУПНО (домашен + странски пазар)** |
| | ***Домашен*** | ***Странски*** | |
| Позамантериски производи | 53.496,00 | / | 53.496,00 |
| Ткаенини | 4.399.609,00 | 5.062.147,00 | 9.461.756,00 |
| Конфекциски производи | 11.603.822,00 | 24.004.635,00 | 35.608.457,00 |
| Санитетски производи | 14.427.054,00 | / | 14.427.054,00 |
| Продавници | 55.277.276,00 | / | 55.277.276,00 |
| Пекара | 4.191.160,00 | / | 4.191.160,00 |
| **ВКУПНО** | **89.952.417,00** | **29.066.782,00** | **119.019.199,00** |

Од претходните табели може да се забележи дека во 2023 година има намалување на реализацијата на домашниот пазар во однос на 2022 година за 5.446.834,00 денари (84.505.583,00-89.952.417,00 = 5.446.834,00), но има намалување на реализацијата на странските пазари за .017.867,00 денари (23.048.915-29.066.782,00=6.017.867,00).

Следствено на тоа имаме и намалување на вкупната реализација во 2023 година во однос на 2022 година за 11.464.701,00 денари (107.554.498,00 – 119.019.199 = 11.464.701,00 денари).

Заради тоа, особено е важно да се обрне поголемо вниманите да се продолжи со изнаоѓање на нови купувачи како на домашниот, така и на странските пазари, како и подобрување на деловната соработка и зголемување на продажбата и реализацијата со веќе постоечките купувачи, како на домашниот пазар така и на странските пазари.

Прегледот на реализација на дирекниот и индиректниот извоз е прикажан на следнава табела:

**РЕАЛИЗАЦИЈА ИЗВОЗ 2021/2022**

| 1 | 2 | 3 | 4=3-2 |
|---|---|---|---|
| Фирма | 2022 | 2023 | Разлика |
| Директен извоз | 3.340.857,00 | 1.270.214,00 | -2.070.643,00 |
| Индиректен извоз | 25.725.925,00 | 21.778.701,00 | -3.947.224,00 |
| **Вкупно** | **29.066.782,00** | **23.048.915,00** | **-6.017.867,00** |

Од следнава табела може да се забележи дека има намалување како на директниот извоз, така и на индиректниот извоз преку Интекс + Ко во 2023 година во однос на 2022 година. Ова намалување пред се се должи на недоволната побарувачка и реализација на странските пазари како директно така и индиректно преку Интекс + Ко како и финаниската криза со инфлацијата.

## 5. Политика на инвестиции

АД Алкалоид Берово во деловната 2023 година година реализираше инвестициони вложувања во вкупен износ од 19.526.7112,00 денари.

## 6. Политика на дивиденди

АД Алкалоид Берово во 2023 година нема исплатено дивиденди и сите средства ги користи за тековно работење и инвестирање во развој на друштвото.

## 7. Средства, извори средства на друштвото и политика на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина

Треба да се напомене дека завршната сметка, извештајот за работењето, финансиските извештаи како и целокупната документација на АД Алкалоид Берово за 2023 година се изготвени согласно важечките позитивни законски прописи, меѓународните

сметоводствени стандарди, како и усвоената сметководствена политика и пракса на акционерското друштво.

Залихите на репроматеријалите, залихите на недовршеното производство и залихите на готовите производи друштвото ги води по плански цени, кои на крајот од деловната година за периодот за кој се изготвува завршната сметка, ги сведува на просечни цени, согласно позитивните законски прописи.

Согласно билансот на состојба на АД Алкалоид Берово за 2023 година, вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) изнесува 340.081.772,00 денари, што во однос на 2022 година бележи намалување.

Имовинската состојба на АД Алкалоид Берово, може да се согледа од следнава табела:

| | |
|---|---|
| **ВКУПНА АКТИВА (А+Б)** | **339349208** |
| ***А.Нетековни средства*** | ***61108482*** |
| ***1. Материјални средства*** | ***46024777*** |
| 1.1. Недвижности | 15265797 |
| 1.2. Градежно земјиште | 2308169 |
| 1.3. Градежни објекти | 12957628 |
| 1.4. Постројки и опрема | 27880130 |
| 1.5. Транспортни средства | 1053773 |
| 1.6. Материјални средства во подготовка | 1825077 |
| ***2. Долгорочни финансиски средства*** | ***15083705*** |
| ***Б. Тековни средства*** | ***278240726*** |
| 1. Залихи | 55750601 |

| | |
|---|---|
| 2. Краткорочни побарувања | 16720141 |
| 3. Краткорочни финансиски средства | 200310191 |
| 4 Парични средства и парични еквиваленти | 5459793 |
| **ВКУПНА ПАСИВА (А+Б)** | **339349208** |
| ***А. Главнина и резерви*** | ***334083131*** |
| ***Б. Обврски*** | ***5266077*** |

Анализирајќи ја имовинската состојба на АД Алкалоид Берово од следнава табела, може да се забележи дека АД Алкалоид Берово работи исклучиво со сопствени средства, бидејќи нема никакви долгорочни обврски, како и кредити од деловни партнери или кредити спрема банките.

## 8. Управување со финансиски ризици

АД Алкалоид Берово во своето работење влегува во различни трансакции кои произлегуваат од неговото секојдневно работење, а кои се однесуваат на купувачите и добавувачите, како на домашниот така и на странскиот пазар.

Овие трансакции во странски валути се изкажуваат во денари преку примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Северна Македонија и кои важат на денот на трансакцијата.

Управувањето со ризиците на друштвото се фокусира на непредвидливоста на пазарите и се стреми кон минимизирање на потенцијалните негативни ефекти врз работењето на друштвото.

Заради тоа, АД Алкалоид Берово е изложено на повеќе можни видови финансисики ризици со различен степен на изложеност, како што се пазарниот ризик (ризик од промена на девизните курсеви и промена на цените), кредитниот ризик, ризик од неликвидност.

### *8.2. Пазарен ризик*

### *8.2.1. Ризик од промена на девизните курсеви и промена на цените*

АД Алкалоид Берово во своето работење остварува и меѓународни трансакции, пред се во набавка на суровини и репроматеријали, како и продажба на своите готови производи. Притоа, друштвото при овие трансакции не може да користи некои соодветни финансиски механизми за намалување на овој ризик, пред се при набавка на сировините и репроматеријалите. Од тука може да се јави ризик на флуктуирање на курсевите на странските валути што би се одразило на неизвесноста во идната заработувачка на друштвото. Во однос на продажбата на своите производи АД Алкалоид Берово може истотака да биде изложен на овој ризик заради можната конкруренција кој се јавува.

### *8.3. Кредитен ризик*

Основни финансиски средства на друштвото се парични средства во банките и побарувања од купувачите, кои претставуваат голема изложеност на кредитен ризик.

Имено, АД Алкалоид Берово е изложен на овој ризик во случај кога неговите купувачи нема да бидат во можност да ги подмират своите обврски за плаќање спрема друштвото. Согласно тоа, АД Алкалоид Берово настојува да работи со добри купувачи кои ги исполнуваат своите обврски и кои се долгогодишни соработници и партнери и успешни во својата работа.

За избегнување на овој ризик АД Алкалоид Берово има своја деловна политика која ја спроведува преку соодветна служба за контрола на побарувањата и наплата.

### *8.4. Ризик од неликвиднсот*

Овој ризик постои кога друштвото нема да биде во состојба со своите парични средства редовно да ги плаќа обврските спрема своите доверители.

АД Алкалоид Берово и покрај отежнатите услови за наплата на побарувањата и непочитување на финансиската дисциплина од страна на некои купувачи, се уште

успешно се справува со избегнување на овој ризик. Тоа се должи пред се на добрата политика на управување со паричните средства од страна на менаџментот на друштвото.

## 9. Преглед на остварени деловни резултати 2023 во однос на 2022 година

| Опис | (во денари) | |
|---|---|---|
| ПРИХОДИ | 2023 | 2022 |
| ***I.ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО*** | **100.278.705** | ***109.902.040*** |
| | | |
| Приходи од продажба | 99.950.754 | 109.751.535 |
| Останати приходи | 327.951 | 150.505 |
| | | |
| ***II.ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*** | ***2.643.726*** | ***2.038.604*** |
| Приходи од неповрзани друштва | 596.500 | 387.300 |
| Приходи од камати | 2.046.760 | 1.633.747 |
| Останати приходи | 466 | 17.557 |
| | | |
| Опис | (во денари) | |
| РАСХОДИ | 2023 | 2022 |
| ***I.РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО*** | ***111.403.669*** | ***116.457.698*** |
| Сировини и материјали | 32.791.728 | 39.652.198 |
| Наб. вредност на продад. стоки | 30.109.052 | 29.909.635 |
| Услуги со карак.на матер.трошоци | 2.438.518 | 2.522.798 |
| Останати трошоци од работењето | 4.521.964 | 4.824.597 |
| ***II.ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ*** | ***35.203.982*** | ***34.177.913*** |
| Нето плати и надоместоци | 21.239.659 | 20.432.802 |
| Трошоци за даноци на плати | 1.691.927 | 1.495.408 |
| Придонеси од задолж.социјал.осигу. | 9.049.924 | 7.367.290 |

| | | |
|---|---|---|
| Останати трошоци за вработени | 3.222.472 | 4.882.413 |
| ***III.АМОРТИЗАЦИЈА*** | ***6.338.425*** | ***5.370.557*** |
| ***IV.ОСТАНАТИ РАСХОДИ ОД РАБОТ.*** | ***/*** | ***/*** |
| ***V.ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*** | ***/*** | ***5.078*** |
| | | |
| **1.Залихи на гот.произ.и недов.п-во на поч. на** | **2023 година** | **2022 година** |
| | 4.946.988 | 4.448.392 |
| **2.Залихи на гот.произ.и недов.п-во на крај на** | **2023 година** | **2022 година** |
| | 5.679.552 | 4.946.988 |
| **РАЗЛИКА ПОЧЕТНИ МИНУС КРАЈНИ ЗАЛИХИ (1-2)** | - 732.564 | -498.596 |
| **ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **7.748.674** | **4.023.536** |
| **НЕТО ЗАГУБА** | **7.748.674** | **4.023.536** |

Разгледувајќи го прегледот за остварените финансиски резултати за 2023 година, може да се забележи дека друштвото 2023 година ја завршува со негативен финансиски резултат, односно загуба во износ од 7.748.674,00 денари

Берово, 29.02.2024

АД Алкалоид Берово

Претседател на Управен одбор

Татјана Чичаковска



**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

(ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА)

за годината завршена на 31 Декември 2023 и 2022 година

(во 000 денари)

| | Белешка | 31 Декември 2023 | 31 Декември 2022 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Софтвер и останати права | | 0 | 0 |
| Недвижности, постројки и опрема | | 46025 | 31159 |
| Вложувања во недвижности | | 15083 | 13204 |
| ***Вкупно нетековни средства*** | | 61108 | 44363 |
| **ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | | | |
| Залихи | | 55751 | 44269 |
| Побарувања од купувачи | | 15193 | 27635 |
| Други краткорочни побарувања | | 1527 | 1641 |
| Краткорочни финансиски средства | | 200310 | 191938 |
| Парични средства | | 5460 | 32659 |
| ***Вкупно тековни средства*** | | 278241 | 298142 |
| ***АВР*** | | 0 | 0 |
| **ВКУПНО АКТИВА** | | **339349** | **342505** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Основна главнина | | 77922 | 77922 |
| Премии на емитирани акции | | 1028 | 1028 |
| Сопствени акции | | (6467) | (6467) |
| Ревалоризациска резерва | | 9181 | 7302 |
| Резерви | | 133405 | 133405 |
| Акумулирана добивка | | 130787 | 130787 |
| Пренесена загуба | | (4024) | 0 |
| Загуба за деловната година | | (7749) | (4024) |
| ***Вкупна главнина и резерви*** | | 334083 | 339953 |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | 2504 | 0 |
| Други краткорочни обврски | | 2762 | 2552 |
| ***Вкупно тековни обврски*** | | 5266 | 2552 |
| ***ПВР*** | | | |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **339349** | **342505** |

Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи

Лице одговорно за потпишување на финансиските извештаи

Управител

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „АЛКАЛОИД" п.о. БЕРОВО 1

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
(ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА)
за годината завршена на 31 Декември 2023 и 2022
(во 000 денари)

| | Белешка | 31 Декември 2023 | 31 Декември 2022 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | | 99951 | 109751 |
| Останати приходи | | 328 | 151 |
| Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината | | 4947 | 4448 |
| Залихи на готови производи и на недовршено производство на крајот на годината | | 5679 | 4947 |
| Трошоци за суровини и материјали | | 32792 | 39652 |
| Набавна вредност на продадени стоки | | 30109 | 29910 |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | | 2439 | 2523 |
| Останати трошоци од работењето | | 4522 | 4825 |
| Трошоци на вработени | | 35204 | 34178 |
| Амортизација | | 6338 | 5371 |
| Останати расходи од работењето | | 0 | 0 |
| **Оперативна загуба (добивка)** | | **(10393)** | **(6058)** |
| Финансиски приходи | | 2644 | 2039 |
| Финансиски расходи | | 0 | (5) |
| **Загуба (Добивка )од редовно работење пред оданочување** | | **(7749)** | **(4024)** |
| Расходи за данок од добивка | | 0 | 0 |
| Добивка за годината од континуирано работење | | 0 | 0 |
| **НЕТО ЗАГУБА (ДОБИВКА) ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА** | | **(7749)** | **(4024)** |

Белешките кон Финансиските извештаи се интегрален дел од Финансиските извештаи

Лице одговорно за потпишување на финансиските извештаи

-------------------------------------

Управител

-------------------------------------

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „АЛКАЛОИД" п.о. БЕРОВО 1

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

за годината која завршува на 31 Декември 2023 и 2022 година

| | 2023 | 2022 |
|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | |
| Добивка пред оданочување | (7749) | (4024) |
| Усогласување за: | | |
| Амортизација | 6338 | 5371 |
| ***Оперативен профит пред промена во обрт*** | ***(1411)*** | ***1347*** |
| Залихи | (11482) | (10234) |
| Побарувања од купувачи | 12442 | (3272) |
| Останати краткорочни побарувања | 114 | (1040) |
| Краткорочни финансиски средства | (8372) | 36664 |
| Обврски спрема добавувачи | 2504 | (1856) |
| Останати краткорочни обврски | 210 | (934) |
| ПВР | 0 | 0 |
| ***Парични текови од оперативни активност*** | ***(4584)*** | ***19328*** |
| Расходи од камата | 0 | (5) |
| Приходи од камата | 2644 | 1634 |
| Платен данок | 0 | 0 |
| **Нето парични текови од оперативни активнс** | **(3351)** | **22304** |
| **Парични текови од инвестициски активности** | | |
| Набавка на НПО | (21204) | (8867) |
| Продажба на НПО | 0 | 0 |
| Долгорочни вложувања | (1879) | 1006 |
| **Нето парични текови од инвестициски актив** | **(23083)** | **(7861)** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | |
| Долгорочни финансиски средства | 0 | 0 |
| Исплатена дивиденда | 0 | 0 |
| Промена на капиталот | 1879 | (1005) |
| Наплатени камати | (2644) | (1634) |
| Платени камати | 0 | 5 |
| **Нето парични текови од финансиски активн** | **(765)** | **(2634)** |
| **Нето зголемување (намалување) на пари и парични еквиваленти** | **(27199)** | **11809** |
| **Пари и парични еквиваленти на почетокот на пресметковниот период** | 32659 | 20850 |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на пресметковниот период** | 5460 | 32659 |

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „АЛКАЛОИД“ п.о. БЕРОВО 1

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА

за годината која завршува на 31 Декември 2023 и 2022 година

| 2023 | Основна главнина | Премии на емитирани акции | Сопствен и акции | Ревалориза циона резерва | Законски и други резерви | Акумулиран а добивка | Пренесен а загуба | Тековна загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2023 | 77922 | 1028 | (6467) | 7302 | 133405 | 130787 | 0 | (4024) | 339953 |
| Ревалоризациона резерва | | | | 1879 | | | | | 1879 |
| Пренесена загуба од 2022 | | | | | | | (4024) | 4024 | 0 |
| Сеопфатна загуба за 2023 | | | | | | | | (7749) | (7749) |
| ***Состојба на 31 Декември 2023*** | **77922** | **1028** | **(6467)** | **9181** | **133405** | **130787** | **(4024)** | **(7749)** | **334083** |

| 2022 | Основна главнина | Премии на емитирани акции | Сопствен и акции | Ревалориза циона резерва | Законски и други резерви | Акумулиран а добивка | Тековна добивка | Тековна загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 Јануари 2022 | 77922 | 1028 | (6467) | 8307 | 133405 | 126959 | 3828 | | 344982 |
| Ревалоризациона резерва | | | | (1005) | | | | | 0 |
| Распоределба на добивка од 2021 | | | | | | 3828 | (3828) | | 0 |
| Сеопфатна загуба за 2022 | | | | | | | | (4024) | (4024) |
| ***Состојба на 31 Декември 2022*** | **77922** | **1028** | **(6467)** | **7302** | **133405** | **130787** | **0** | **(4024)** | **339953** |

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „АЛКАЛОИД" п.о. БЕРОВО 1

АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово
Бр.0202-51/2
Дата: 29.02.2024

Врз основа на Записникот од одржаниот состанок на Управниот одбор бр.0202-51 од 28.02.2024 година и член 36 од Статутот на АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово, Управниот одбор донесува,

# О Д Л У К А

## За усвојување на годишен извештај за работењето на АД Алкалоид Берово за 2023 година

### Член 1

Се усвојува годишниот извештај за работењето на АД Алкалоид Берово за 2023 година.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

АД АЛКАЛОИД Берово

Претседател на Управен одбор

_______________

Татјана Чичаковска

АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово
Бр.0202- 51/3
Дата: 29.02.2024

Врз основа на Записникот од одржаниот состанок на Управниот одбор бр.0202-51 од 28.02.2024 година и член 36 од Статутот на АД ,,АЛКАЛОИД,, Берово, Управниот одбор донесува,

# О Д Л У К А

## За усвојување на годишна завршна сметка на АД Алкалоид Берово за 2023 година и финансиски извештаи за 2023 година

### Член 1

Се усвојува годишната завршна сметка на АД Алкалоид Берово за 2023 година и финансиски извештаи за 2023 година

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

АД АЛКАЛОИД Берово

Претседател на Управен одбор

______________________

Татјана Чичаковска

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО „АЛКАЛОИД" п.о. БЕРОВО 1

Акционерско друштво
"АЛКАЛОИД" ц.о.
Бр. 0201-121/4
27.06.2024
БЕРОВО

Врз основа на член 383 , 384 и 352 од Законот за трговските друштва како и Статутот на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 26.06.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

**За одобрување на годишниот извештај за работата на АД АЛКАЛОИД Берово за периодот од јануари 2023 година до декември 2023 година**

Член 1

Се одобрува годишниот извештај за работата на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово со седиште на ул.Маршал Тито бр.5 Берово ЕМБС 4053656 и ЕДБ 4001996102310 , за периодот од Јануари 2023 година до Декември 2023 година.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Берово , 26.06.2024 година

**АД АЛКАЛОИД Берово**

**Претседавач на собранието**

Акционерско друштво "Алкалоид" ц.о. Берово

Акционерско друштво
"АЛКАЛОИД" п.о.
Бр. 0201-121/5
27.06.2024 год.
БЕРОВО

Врз основа на член 383 , 384 од Законот за трговските друштва како и член 29 од Статутот на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово , Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 26.06.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За одобрување на финансискиот извештај за работата на АД АЛКАЛОИД Берово за 2023 година**

Член 1

Се одобрува финансискиот извештај за работата на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово со седиште на ул.Маршал Тито бр.5 Берово ЕМБС 4053656 и ЕДБ 4001996102310 , за 2023 година.

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

Берово , 26.06.2024 година

**АД АЛКАЛОИД Берово**

**Претседавач на собранието**

Акционерско друштво "АЛКАЛОИД" ц.о.
Бр. 0201-121/6
27.06. 2024
БЕРОВО

Врз основа на член 383 , 384 од Законот за трговските друштва како и член 29 од Статутот на Акционерско друштво за производство на санитетски материјали , ткаенини, позамантерија и конфекција АЛКАЛОИД Берово, Собранието на акционери на својата седница одржана на ден 26.06.2024 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За одобрување на годишната сметка на АД АЛКАЛОИД Берово за 2023 година

Член 1

Се усвојува годишна сметка спрема следните биланси:

- Биланс на состојба на ден 31.12.2023 година
- Биланс на успех на ден 31.12.2023 година

Член 2

Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето

Берово , 26.06.2024 година

**АД АЛКАЛОИД Берово**

**Претседавач на собранието**